**Известување за концентрација со која Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ од Австрија ќе стекне индиректна контрола над ВАЈЛБУРГЕР Коатингс ГмбХ, Германија и директна контрола над ВАЈЛБУРГЕР АЗИЈА Лтд., Хонг Конг и ВАЈЛБУРГЕР Коатингс (ИНДИЈА) Прајват Лтд., Индија**

**(предмет бр. 08-48 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ со регистрирано седпште на Игнац Кок-Штрасе 15 1210 Виена, Австрија преку својот поврзан субјект КАНСАИ ХЕЛИОС Сервисис Германија ГмбХ со регистрирано седиште на Катариненштр. 61, 52353 Дирен-Меркен, Германија ќе го стекне целиот удел во ВАЈЛБУРГЕР Коатингс Гмбх (Вајлбург) со регистрирано седпште на Ахаузер Вег 12 - 22, 35781 Вајлбург, Германија

Исто така **Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ**, Австрија ќе стекне:

- 100 % од уделот во ВАЈЛБУРГЕР АЗИЈА Лтд. (Хонг Конг) со регистрирано седипште на 13/F., Чајна Аероспејс Центре, 143 Хои Бун Роад, Квун Таун, Коулун, Хонг Конг од претходниот содружник ГРЕБЕ Холдинг ГмбХ и
- 1,25 % од уделот во ВАЈЛБУРГЕР Коатингс (ИНДИЈА) Прајват лтд. (Хаура, Западен Бенгал, Индија) со регистрирано седипште на ЦЛ бр. 04, Кандуа Поли Парк, Сандипур, Џаинагар, Хаура – 711 302, Западен Бенгал, Индија (ВАЈЛБУРГЕР АЗИЈА Лтд. (Хонг Конг) поседува 98,75 % од уделот во ВАЈЛБУРГЕР Коатингс (ИНДИЈА)).

**-Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ** е друштво регистрирано според законите на Австрија, со седиште на Игнац Кок-Штрасе 15, 1210 Виена, Австрија (и е холдинг компанија на бизнисот на Европската Кансаи Пеинт Групација. Неговите ќерки-претприја се активни во развој, производство и продажба на различни видови на премази и синтетички смоли.

**-КАНСАИ ХЕЛИОС Сервисис Германија ГмбХ** („**КХС**“) е друштво регистрирано според законите на Германија, регистрирано под број HRB 8783, со седиште на Катариненштр. 61, 52353 Дирен-Меркен, Германија и е активно во производство и продажба на лакови, бои, вештачки материјали и други хемиски производи, трговија со таквите производи, како и сите дејности поврзани со нив, вклучително и воспоставување подружници, учество во други претпријатија и склучување договори на заинтересирани групи. КХС е 100% ќерка-претпријатие на КХЦ и холдинг компанија на ќерките-претпријатија кои што се активни во развој, производство и продажба на премази во прав и течни и цврсти синтетички смоли.

-Групацијата на подносителот на известувањето (**Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ**, Австрија) е присутна преку **ХЕЛИОС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул.Босна и Херцеговина бр.55, Скопје, Северна Македонија кое е активно во трговија на големо со хемиски

производи, конкретно индустриски премази и декоративни премази и (во мал обем) други производи како што се лепила и скроб.

-**ВАЈЛБУРГЕР Коатингс ГмбХ** („ВБК“) е друштво регистрирано според законите на Германија, , со седиште на Ахаузер Вег 12 - 22, 35781 Вајлбург, Германија (Ahäuser Weg 12 - 22, 35781 Weilburg, Germany) и е активно во развој, производство и дистрибуиција на индустриски премази.

-**ВАЈЛБУРГЕР АЗИЈА Лтд.** („ВБА“) е друштво регистрирано според законите на Хонг Конг, со седиште на 13/F., Чајна Аероспејс Центре, 143 Хои Бун Роад, Квун Таун, Коулун, Хонг Конг (13/F., China Aerospace Centre, 143 Hoi Bun Road Kwun Town, Kowloon Hong Kong) и е главниот Азиски ентитет на ВАЈЛБУРГЕР Коатингс (WEILBURGER Coatings), исто така активно во развој, производство и дистрибуција на индустриски премази.

-**ВАЈЛБУРГЕР Коатингс (ИНДИЈА) Прајват Лтд** („**ВБИ**“) е друштво регистрирано според законите на Индија, со седиште на ЦЛ бр. 04, Кандуа Поли Парк, Сандипур, Џаинагар, Хаура – 711 302, Западен Бенгал, Индија и е главниот Индиски ентитет на ВАЈЛБУРГЕР Коатингс, исто така активно во развој, производство и дистрибуција на индустриски премази.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

28.02.2024 година

Скопје